СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

## XVIII РЕГИОНАЛНИ РЕВИИ НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

# X ФОЛКЛОРНА ЈУБИЛЕЈНА РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА 2020




















ОКТОМВРИ 2020

Информативен билтен СЗПМ Специјално издание

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

СЗПМ

# СОДРЖИНА


ЈУБИЛЕЈНА РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ............................3

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ
ВО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА..........................................................................14

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО КАРПОШ - СКОПЈЕ........19

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО САРАЈ - СКОПЈЕ............24

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ЧАИР - СКОПЈЕ..............29

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ЛОЗОВО...........................34

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ВЕЛЕС..............................39

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ДЕМИР ХИСАР................44

УСПЕШЕН НАСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ..........................................50


**КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНО-ЗАБАВЕН ЖИВОТ НА ИО НА СЗПМ:**

**Магдалена Спировска** - претседател,
**Петар Захарчев**
**Милевка Здравковска**
**Борис Грковски**
**Ванѓа Пенева**
**Нурие Кадриу**
**Благоја Спирковски**
**Ристо Трајкоски**
**Борис Дончев**




Издавач: Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
За издавачот: Станка Трајкова
Изданието го подготви: Калина С. Андонова
Компјутерско-графичко обликување: Томе Ангеловски
Фото: ЛЕСАНСКИ
Печати: РИ-Графика - Скопје
Тираж: 500 примероци

# Фолклорните белези се потпора на нашиот опстанок

Нашите ора и звуците од изворните народни инструменти се наши фолклорни белези кои нè бодреле низ вековите да опстанеме. Песни пеел нашиот народ и кога му било најтешко. Пеел и низ песната ја изразувал својата верба и надеж кога е најтешко да се издржи и животот понатаму да продолжи. Затоа нашите песни се безвремени, незаборавни и им се допаѓаат на луѓето од целиот свет. Тие се дел од нашето културно богатство на кое сме горди. Горди сме сите кои живееме на овие простори, а особено ние повозрасните кои сме верни чувари на нашата традиција, идентитет и обичаи. Токму затоа нашите фолклорни ревии се поддржани и од Министерството за култура како проект од национален интерес на нашата земја, за што Сојузот во името на 274 000 пензионери му е благодарен.



Во специфични услови заради пандемијата од вирусот Ковид–19 се одржа 10. јубилејна Републичка ревија на песни, музика и игри. Регионалните ревии, оваа година се одржаа по 18–ти пат, и само во седум региони, но беа опфатени околу 200 000 пензионери. Сите регионални ревии се одржаа на отворено, со маски, дистанца, песна, музика и со радост и задоволство што и покрај сè животот продолжува!

10. јубилејна Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри, како и регионалните ревии се одржа во видно изменета форма и содржина. Според препораките кои ги изготви Сојузот, а кои ги прифатија најголемиот број здруженија на пензионери членки на СЗПМ, со намален број учесници и присутни.

На 15 октомври 2020 година се одржа 10. јуби–








лејна ревија. На почетокот присутните ги поздрави претседателката на Сојузот Станка Трајкова која и овој пат покажа и докажа со својот оптимизам дека ревиите ќе бидат успешни, уште еден убав пример за помладите генерации и дека сè може да се оствари ако се верува во тоа, но и ако си одговорен и посветен на тоа што го правиш. Во своето обраќање кон присутните, таа меѓу другото истакна:

**– Регионалните ревии беа можност да се сретнат претставници на пензионерите од 39 здруженија и во специфични услови да излезат од своите домови, и да ја остварат мисијата на зачувување на нашиот национален фолклор и традиција.**




По аплаузот, звуците на народните инструменти се испреплетоа со песните на пензионерите учесници, на чија милозвучност и енергија можат да им позавидат многумина помлади песнопојци. Се пееше и свиреше од срце, со душа и мерак.

На Ревијата настапија само здруженијата кои беа домаќини на регионалните ревии. ЗП Лозово настапи со песната „Јоване, море Јоване“, ЗП Македонска Каменица со обичајот „Божиќно утро“, ЗП Велес со песната „Кораби“, ЗП Демир Хисар со песната „Ој природо, вечна убавино”, ЗП Сарај со езгија кавали и лична творба, ЗП Карпош со песната „Розо моја“ и ЗП Чаир со песната „Праша ли, Тимке, мајка ти“ и Убавица покрај морскиот брег („Moj e mira bregut detit“).



На крајот на Ревијата на здруженијата им беа врачени благодарници за учество на 10. јубилејна Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри. Благодарниците им ги врачи Илија Адамоски, претседател на Собранието на СЗПМ.

Одржувањето и на Регионалните и на Републичката ревија внесе светлина во овие тешки пандемиски денови.

**Калина С. Андонова**

### Обраќање на претседателот на СЗПМ, Станка Трајкова, на 10. републичка ревија

# Традицијата продолжува и во специфични услови од пандемијата




– Регионалните ревии беа можност да се сретнат претставници на пензионерите од 39 здруженија и во специфични услови да излезат од своите домови, и да ја остварат мисијата на зачувување на нашиот национален фолклор и традиција.

Тоа не е мала работа кога е познато дека изолацијата и осаменоста влијаат негативно на возрасната популација. За сè да биде изведено успешно беа преземени сите превентивни мерки за заштита од вирусот Ковид–19. И Регионалните и оваа ревија ќе се паметат и ќе бидат забележени како историски. И не само тоа, од начинот на одвивање на овие ревии ќе го збогатиме нашето искуство со нови моменти кои ќе ги направат овие музички манифестации во иднина уште поубави и посодржајни.

Со овие ревии кои ги остваривме со редуцирана содржина ја отфрливме тезата дека не биле вистински, но напротив, на нив се слушна вистинско пеење и музика. Она што треба да биде наша гордост во врска со одржување на музичките ревии е што одевме по вистинскиот пат, покажувајќи зрелост, почитувајќи ги фундаменталните вредности и затоа СЗПМ задно со здруженијата не е случајно репрезентативна граѓанска организација.

Денеска на овој подиум ќе учествуваат само претставници на здруженијата домаќини на Регионалните ревии, не дека останатите учесници не биле добри туку поради ограничување на масовноста и превенцијата од Ковид–19. Во оваа прилика сакам на сите здруженија на пензионерите што учествуваа на ревиите да им кажам едно големо БЛАГОДАРАМ што се одважија, одработија, покажаа кооперативност, соработка и заедништво. Овие карактеристики ги имаат и другите здруженија и на првата наредна прилика верувам дека тоа силно ќе го покажат на дело.



# Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

**СЗПМ**

На 20 септември 1946 донесен е првиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување. Тогаш биле пензионирани првите работници, со што се формирала организацијата на македонските пензионери како колективен член на единствените синдикати во Македонија. СЗПМ овој ден го одбележува како свој празник.

Во 1947 година биле евидентирани околу 500 пензионери, во 1960 година тој број е зголемен на 15.321, десет години подоцна имало 51.537, во 1980–84.948, во 1990–166.224 и во 2000 година 241.221 пензионер. Веќе во 2005 година бројот на пензионерите во нашата земја се зголемил на 272.740. Во 2010 тој број изнесувал околу 280.000, од кои 225.000 се членови на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Денес тој број изнесува 270 000 пензионери.

СЗПМ е асоцијација на 53 здруженија на пензионери, доброволно здружени во Сојузот заради заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија во РС Македонија, за поцелосно и единствено залагање за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, за поквалитетна здравствена заштита, за унапредување на културните, спортските и хуманитарните потреби на пензионерите. За остварување на овие заеднички права на здруженијата – членки на Сојузот, СЗПМ соработува со други здруженија и сојузи, со невладини и владини организации и фондации и со пензионерски асоцијации од други земји. СЗПМ, својство на правно лице има од 27 април 1971 година кога е запишан во Регистарот на МВР како општествена организација, а по донесувањето на Законот за здруженија на граѓани и фондации во 1998 година е преререгистрирано во Основниот суд во Скопје.

Сојузот има свои органи и тела и свој СТАТУТ и ПРАВИЛНИК за Ревии на песни, музика и игри на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. СЗПМ како самостојна, невладина и неполитичка организација, која во континуитет се развива, оставајќи траги и во самиот развој на државата. Сојузот издава свој весник „Пензионер плус" еднаш месечно и има своја веб–страница www.szpm.org.mk

Во 2020 година Сојузот ги одржа 18–тите регионални ревии на песни, музика и игри, кои секоја година се одржуваат во друг град и 10–тата јубилејна фолклорна Републичка ревија на песни, музика и игри во Скопје, по сите протоколи донесени од Владата и СЗПМ. Сите седум ревии се одржаа на отворено, со маски и потребна дистанца.

Министерството за култура веќе 9 години ги поддржува фолклорните пензионерски Ревии на песни, музика и игри. Во изминатите години главно беше покровител Министерството за култура односно министерот за култура, а покровители беа и претседателот на Државата и неколку пати и претседателите на Владата. Во 2019 година покровител беше премиерот на Владата на РС Македонија, Зоран Заев, со што им направи чест и почит на најстарите жители во државата.

# Заради пандемијата на Јубилејната републичка ревија учествуваа само здруженијата домаќини на регионалните ревии

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија веќе 18 години го организира одржувањето на Фолклорните пензионерски ревии на песни, музика и игри согласно со член 11, став 1, алинеја 14 од Статутот на Сојузот и истите се едни од најмасовните активности во кои учествуваат голем број пензионери. Така беше во изминатите години, но оваа година нештата на овој план добија поинаква содржина и форма, заради пандемијата од вирусот Ковид–19.




18–те регионални и 10. јубилејна републичка ревија се одржаа во септември наместо како во изминатите години на пролет, но традицијата продолжи благодарение на совесноста на пензионерите, верните чувари на нашето богато културно наследство. За овие ревии да бидат одржани помогна пред сè сериозната подготовка и организација на раководството на Сојузот, Комисијата за културно забавен живот, како и на раководствата на здруженијата домаќини на регионалните ревии.

Оваа година се одржаа седум регионални ревии и 10. јубилејна фолклорна републичка ревија. И регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри се одржаа во многу специфични услови во несекојдневен амбиент на отворено и со многу намален број и на учесници и на публика, според насоките и препораките кои ги даде Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и протоколите донесени од Владата на нашата држава и СЗО.

Најнапред раководството на СЗПМ, заедно со Комисијата и Организациският одбор изготви Препораки кои беа доставени до сите 53 здруженија за да дадат свое мислење и забелешки. Потоа нивните предлози и мислења беа вградени во препораките. Посебно внимание во Препораките беше дадено за заштита на здравјето на сите, и на учесниците и на публиката.

Мора да се истакне дека најголемиот товар во подготовката на регионалните ревии го понесоа домаќините, бидејќи во краток временски период требаше да се пронајде соодветен отворен простор и да се подготви редуцирана фолклорна програма.

Оваа година Фолклорните регионални ревии се одржаа само во седум региони и тоа:

Првата фолклорна регионална ревија се одржа на 22.9.2020 каде што домаќин беше ЗП Лозово, а учествуваа ЗП Свети Николе, ЗП Штип, ЗП Злетово, ЗП Радовиш и Конче и ЗП Ново Село.



Втората се одржа на 23.9.2020 година, а домаќин беше ЗП Велес. На Ревијата настапија здруженијата на пензионери од Богданци, Гевгелија, Валандово, Неготино и Демир Капија.

Третата на 24.9.2020 година на отворено како и другите ревии, а домаќин беше ЗП Македонска Каменица. Настапија здруженијата на пензионери од Виница, Делчево и Берово, а како гости фолклористите од ЗП Свети Николе.



Четвртата на 25.9.2020 година, домаќин беше ЗП Демир Хисар, а настапија здруженијата на Битола, Крушево, Прилеп со „КУД Пензионер“ и КУД „Пенка Котеска“.

Петтата се одржа на 29.9.2020 година во Спортскиот рекреативен центар Сарај, а домаќин беше ЗП од Општина Сарај. Во убавиот амбиент настапија пет скопски здруженијата и тоа: ЗП Кисела Вода, Здружението на воените пензионери, ЗП Гази Баба и здружението ОВР на РМ.

Шестата на 30.9.2020 година исто така во Спортскиот рекреативен центар Сарај. Домаќин беше ЗП Карпош, а настапија здруженијата од Ѓорче Петров, Шуто Оризари и Бутел од Скопје и пензионерите од ЗП Тетово. Ревијата беше вистинско музичко дружење на мултиетнички план.

Седмата фолклорна регионална ревија на песни, музика и игри се одржа на 1.10.2020 година, каде што домаќин беше ЗП Чаир, а настапија здруженијата на пензионери од Куманово, Крива Паланка, ЗП Центар од Скопје и ЗП Кратово. Одржувањето на Ревијата се совпадна со Меѓународниот ден на старите луѓе кој на присутните им го честита претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, а чест на пензионерите со своето присуство им направи градоначалникот на Општина Чаир, Висар Ганиу.

Со одржување на годинешниве фолклорни ревии не се случи девалвирање на ревиите и покрај специфичните услови од Ковид–19, туку напротив пензионерите уште еднаш покажаа и докажаа дека имаат и енергија и мудрост да ги пребродат сите препреки и проблеми и од секоја можност да извлечат искуство за во иднина.

По завршување на фолклорните регионални ревии на песни, музика и игри се одржа 10. јубилејна фолклорна ревија. Републичката ревија на песна, музика и игри се одржа на 15.10.2020 година во Скопје, во ресторанот „Ритуал“ во сала со отворен покрив. Пензионерите пееја, рецитираа и се дружеа со срце и љубов пред убаво уредената сцена која и оваа година беше дело на вредните волонтерски раце на пензионерите.

И овој пат на сите ревии, пензионерите се претставија со убави македонски и албански песни проследени од народни изворни инструменти, повеќето облечени во народни носии од своите региони. Во музиката и песната уживаа и изведувачите и публиката, и едните и другите во намален број според препораките.

На почетокот на Јубилејната фолклорна ревија присутните и учесниците ги поздрави и со одбрани зборови им се обрати претседателката Станка Трајкова која не го криеше задоволството што одржувањето на овие ревии е уште еден доказ за активностите на Сојузот и неговите членки и во време на пандемијата.



На10. јубилејна фолклорна ревија на песни, музика и игри први настапија учесниците на ревијата од ЗП Македонска Каменица со Обичајот „Божиќно утро“, со песна и претставување на обичајот. Изведувачите беа облечени во носии од нивниот крај.

Втори настапија велешани со родољубивата песна „Кораби“ во изведба на пејачка мешана група и две хармоники. По нив беа фолкористите од ЗП Сарај. Тие настапија со една лична творба и Езгија со три кавали. Нежните звуци на кавалите ги разгалија срцата на присутните.

Четврти имаа настап пензионерите од ЗП Лозово со соло–изведба на песната „Кирјана вино продава" со 5 придружни вокали. Сите беа облечени во колоритни носии.

По нив се претставија пензионерите од Демир Хисар, но овој пат не со оро, туку со преубава соло–изведба на песната „Вратете се мили мои" во интерпретација на авторката во придружба на хармоника и гитара.

Како шести беа пензионерите од ЗП Чаир со соло–изведба на македонската песна „Праша ли Тинке мајка ти" проследена со гитара и изведба на солист на албанската песна „Moj e mira bregut de tit" (Убавица покрај морскиот брег).

На крај на Ревијата, седми настапија пензионерите од ЗП Карпош со дел од хор придружуван од синтисајзер. Тие ја испеаја песната „Розо моја"

Изведувачите беа поздравени со силен аплауз од присутните. Единствено недостасуваше што не настапија повеќе здруженија бидејќи и другите здруженија тоа со својот квалитет го заслужуваа, но договорот и препораките беа почитувани од почеток до крај, на што сите сме особено горди.

На крајот претседателот на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија м–р Илија Адамоски, им се заблагодари на учесниците за убавиот настап и на претседателите на здруженијата учесници на 10. јубилејна фолклорна ревија на песни, музика и игри им врачи благодарници за нивното учество.

Непобитен е фактот дека овие ревии ќе бидат забележани со големи букви во историјата на Сојузот бидејќи беа успешни и покрај пандемијата од Корона вирусот.

# Препораки за одржување на фолклорните ревии во 2020 година

На 13 мај 2020 година се одржа електронска седница на Извршниот одбор на Сојзот на здруженија на пензионерите на Македонија и на истата се одлучи до зруженијата на пензионери да се достават Предлог – Насоки за одржување на регионалните и републичката ревија на песни, музика и игри во вонредни услови предизвикани од корона вирусот.

По добивање на мислења и предлози од здруженијата беа донесени следните препораки:

1) Регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри да се одржат во септември или октомври во осумтте региони кои како домаќини се избрани за 2020 година (Карпош, Сарај, Солидарност – Аеродром, Битола, Велес, Струмица, Кичево и Македонска Каменица). Конкретните дати на одржување на ревиите ќе бидат дополнително определени;

2) Ревиите би се одржале  на отворен простор или во соодветни спортски објекти;

3) На ревиите наместо дружење во затворен простор, ќе има дружење на отворено и закуска или соодветни ланч пакети во согласност со постојните услови;

Со цел да се заштити здравјето на членството, треба неизоставно да се почитуваат мерките од надлежните институции. 8–те регионални фолклорни ревии ќе се одржат со нешто поизменета содржина и во таа насока од жанровски  аспект се предлага следното:

1) На ревиите  да изостанат хоровите, играорните групи и обичаите кои бараат поголем број на учесници;

2) Приоритет да се даде на различни видови на  соло изведби, дует, трио и квартет, а највеќе до 5 изведувачи;

3) Инструменталните изведби да бидат најмногу до 5 изведувачи;

4) Мешаните изведби од пејачи и инструменталисти можат да бидат и со поголем број изведувачи, но вкупно 8 од двата вида, ако се обезбеди потрбното растојание;

5) Се предлага  да се воведат нови содржини како: настапи со литературни творби, кратки скечови, поговорки, гатанки, куси приказни кои даваат убави пораки и монодрами.

Промената на содржината на ревиите односно рестрикцијата на учесници не се прави затоа што некои се подобри, некои послаби, туку со единствена цел да не се прават големи собири за да се заштити здравјето на пензионерите. Меѓутоа, се предвидува да се воведат нови содржини кои се наведени во точката 5 и истите спаѓаат во ризницата на нашиот фолклор, а кои до сега не беа доволно застапени. Со новите содржини ревиите ќе добијат една нова димензија во која ќе биде содржана пензионерската инвентивност и креативност.

Во врска со одржување на овие културни манифестации ќе бидат известени и надлежните органи заради целосна безбедност на учесниците на овие настани и почитување на сите протоколи за вакви манифестации.

**ИО на СЗПМ**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ЛОЗОВО

Пејачка група и Стојче Митков со песната „Јоване море Јоване“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## САРАЈ

Езгија со кавали
Шефкет Исмани
Кадри Ајдини
и тарабука
Даип Кадриоски



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## САРАЈ

Наталија Најдоска
со лична творба
„Навезени букви“

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВЕЛЕС**

Октет со две хармоники ја изведе песната „Кораби“




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

Обичај „Божиќно утро“ со песна и нарација на Душко Богатинов



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КАРПОШ**

Дел од хор придружуван од синтисајзер со песната „Розо моја“





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ЧАИР

Придружуван со пеење
и гитара од
Сефедин Ејупи
Бранко Иванов
настапија со
македонската песна
„Праша ли Тинке мајка ти“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ЧАИР

Тахир Сефери
ја исполни песната
"Moj e mira bregut detit"
(Убавица покрај морскиот брег)



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ДЕМИР ХИСАР

соло изведба на авторката
Коца Филип Огненовска
на песната
„Ој природо вечна убавино“






СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

СЗПМ

ДОДЕЛУВА

БЛАГОДАРНИЦА

НА

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ

ЧАИР

ЗА УЧЕСТВО НА

10.

ЈУБИЛЕЈНА

РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

2020

15 ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА СКОПЈЕ

СТАНКА ТРАЈКОВА претседател на СЗПМ



## XVIII регионална ревија на песни, музика и игри

## I регион

# Домаќин ЗП Македонска Каменица




Здружението на пензионери на Општина Македонска Каменица како самостојно здружение дејствува од 28.01.1997 година. Дотогаш дејствувало како огранок на ЗП Делчево со зголемени ингеренции. Постапката за формирање на Здружението е демократски спроведено, а делбениот биланс на средствата е извршен според бројот на пензионерите.

Прв претседател на Здружението бил Симеон Ангелов. Здружението дејствува на делегатски принцип. Во село Саса каде има поголем број пензионери има огранок. Селските населби се од маалски тип т.е. расфрлани во повисоките зони во граничниот појас кон Р Бугарија, па не може да дојде до групирање на повеќе населени места и формирање на огранок. Затоа секое населено место – месна заедница (10 месни заедници) во Собранието на Здружението е застапено со делегат или вкупно десет делегати, а Македонска Каменица во Собранието е застапена со 11 делегати.

Здружението на пензионери располага со пензионерски клуб од 155 метри квадратни, шах–сала со 19 квадрати, магацински простор 40 квадрати, со санитарен јазол целосно реновиран, работни простории и конференциска сала од 18 квадрати.

Во рамките на Здружението дејствуваат повеќе комисии. Во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, здружението е застапено со свој делегат кој го избира Собранието.

Од 14.03.2019 година претседател на Здружението е Јаворка Соколовска. Во склоп на Здружението е формирана и игроорната групата „Разиграни пензионери“ и Актив на пензионерки. Здружението има соработка со локалната самоуправа и други невладини организации. По повод Новогодишните и Божиќните празници обезбедуваме солидарни пакети и еднократна неповратна помош на пензионери со ниска пензија, даваме помош и при природни катастрофи (пожари и слично). Здружението е активно на спортски и културно–забавен план со учество на Општински, Регионални и Републички манифестации. Успешен настап заедно со ЗП Радовиш и Конче, здружението имаше во Љубљана, Р Словенија во 2015 година.

Секоја година, Здружението ја организира Манифестацијата „Бабина баница“ во туристичко–манастирскиот комплекс на локалитетот Еленец – село Цера. Овој настан е единствен по содржината во РС Македонија и има меѓународен карактер. Пензионери од ЗП Македонска Каменица секој петок користат бесплатен превоз од местото на живеење до Македонска Каменица и во обратен правец.

# Презентираните песни и обичаи допреа до срцата и душите на присутните

На 24.9.2020 година, здружението на пензионери од Македонска Каменица со голема чест и задоволство беше домаќин на 18–та Регионална фолклорна ревија


Јаворка Соколовска


Соња Стаменкова


Станка Трајкова


Ментор Ќоку

на песни, музика и игри на здруженијата на пензионерите од првиот регион. На Ревијата зедоа учество пензионери од здруженијата: ЗП Берово, Делчево, Виница и домаќинот Македонска Каменица. Ревијата се одржа со почитување на протоколите за заштита од вирусот Ковид-19 дадени од Владата на РС Македонија и Препораките од Сојузот. На ревијата не зедоа учество здруженијата на ЗП Кочани и ЗП Пехчево.

18–та фолклорна ревија на песни, музика и игри на здруженијата од првиот регион, се одржа на отворено во комплексот на мотелот „Мерак“, во село Луковица, каде што со зеленилото на природата се измеша шаренилото од убавите народни носии и звуците на изворните инструменти.

Ревијата ја најави водителката Сузана Милошевска, а добредојде на учесниците и гостите прва им посака претседателката на Здружението на пензионерите на Општина Македонска Каменица – домаќин на ревијата, Јаворка Соколо–






првиот регион за  отворена.

По отворањето на Ревијата, учесниците според Програмата за настап ги презентираа песните и обичаите од своите краеви и со својата изведба и голема умешност успеаја да ги разнежнат срцата и душите на присутните гости кои ги наградуваа со силен аплауз. На сцената беа презентирани народни, традиционални и роднокрајни песни и обичаи, а учесниците  беа облечени во живописни народни носии.

На Ревијата како гости се претс–

вска, која ги поздрави присутните и искажа голема благодарност за присуството на претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку, градоначалничката на Општина Македонска Каменица Соња Стаменкова, како и на Претседателите и претставниците на здруженијата учесници и гостите, кои и покрај големиот интерес немаа можност да ја гледаат оваа убава манифестација и интересниот настап на пензионерите.




Претседателката на ЗП Македонска Каменица Јаворка Соколовска на пензионерите им го честиташе 20–ти септември, Денот на пензионерите на Македонија, и им посака пред сè добро здравје, долг и среќен живот исполнет со убави моменти за паметење и уште многу пријатни пензионерски денови.

Од името на Општина Македонска Каменица на гостите и учесниците добредојде им посака градоначалничката Соња Стаменкова, која како и секогаш со своето присуство им направи чест на своите највозрасни сограѓани.

Со топли зборови присутните ги поздрави и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова. Присутните ги поздрави и потпретседателот на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија Ментор Ќоку и ја прогласи Фолклорната ревија на здруженијата од

тавија и пензионерите од ЗП Свети Николе.

По завршувањето на програмата се пристапи кон доделување  благодарници за учество на 18. регионална ревија на песни, музика и игри од првиот регион кои ги врачи на претседателите на здруженијата учесници, претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.

Се доделија и благодарници за успешна деловна соработка и афирмација на ЗП Македонска Каменица, на Општина Македонска Каменица, ЗП Штип, ЗП Свети Николе и КИЦ Романса. Овие благодарници им ги врачи претседателката на ЗП Македонска Каменица, Јаворка Соколовска.

Беше вистинско задоволство да се слушаат звуците на кавалот, гајдата и другите народни инструменти и да се гледаат како учесниците пеат облечени во убавите народни носии кои ја отсликуваа традицијата на овој крај.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**



Обичај: „Божиќно утро“
пејачка група со
Душко Богатинов
со песните:
„Думај Кате“
„Јана иде од меана“
„Нишка се ниша Недо“

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БЕРОВО**



Група на пензионери
со песните:
„Јано ле Јанке убава“
„Ја подај ми тамбурката“
„Отидов гора зелена“

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВИНИЦА**



Пејачка и музичка
група со песните:
„Моме стои“
„Заспала Св. Недела“
„Кирјана вино продава“
и „Малешевско оро“

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДЕЛЧЕВО**

Пејачка и музичка група
со песните:
„Пиле пее“
„Невено мори Невено“
„Дека се чуло видело“
„Петро Петро мила ќерко“





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СВЕТИ НИКОЛЕ**

Благодарници
на здруженијата
учесници



### XVIII регионална ревија на песни, музика и игри

## II регион

# Домаќин ЗП Карпош



Здружението на пензионери Карпош е формирано на 5 јануари 1978 година и е едно од најстарите здруженија во Република Македонија. Заради одредени случувања здружението повеќе пати се регистрирало и пререгистрилало (12 пати) барајќи правда низ повеќе институции и на повеќе нивоа. Исходот бил позитивен.

Денес во здружението егзистираат следните ограноци и тоа: Козле, Влае (Злокуќани, Бардовци), Нерези, Карпош 1 и 2, Карпош 3 и 4, Тафталиџе 1 и 2.

ЗП Карпош активно учествува на регионалните и републички ревии на песни, музика и игри со свој хор, кој посебно го негува и чува од заборав градскиот мелос како урбано здружение. Здружението учествува и на спортските натпревари на сите нивоа. Посебно е активен Активот на пензионерки кој е двигател на многу екскурзии и хуманитарни акции. Соработката на здружението со локалната самоуправа е на посакуваното ниво, како и со други институции поврзани со пензионерите. Одлично соработува и со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, како негова членка.

Здружението има издадено монографија.

Претседател на Здружението и на Извршниот одбор е Трифун Донев, а претседател на Собранието е Јован Гиновски.

# Мултиетничко музичко дружење

На 29 септември 2020 година се одржа 18–та ревија на песни, музика и игри од вториот регион, во извонреден амбиент во Спортско–рекреативниот центар Сарај.

На Ревијата учествуваа здруженијата на пензионерите од вториот регион и тоа: Здружението на пензионери Карпош од Скопје, кое имаше чест да биде домаќин на Ревијата, Здружението на пензионери, Тетово, Здружението на пензионери Ѓорче Петров од Скопје, Здружението на пензионери Бутел од Скопје, Здружението на пензионери Шуто Оризари од Скопје, додека шестиот учесник Здружението на пензионери Тафталиџе ДДД од Скопје го откажа учеството од објективни причини.


Јован Гиновски


Ментор Ќоку

Присутните учесници и гостите ги поздрави и им посака добредојде и успешен настап, претседателот на Здружението на пензионерите Карпош од Скопје, Јован Гиновски, во својство на домаќин на Ревијата.

Со пригодни зборови на присутните им се обрати и потпретседателот на Извршниот Одбор на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Ментор Ќоку кој им посака успешен настап на учесниците, и пред да ја прогласи ревијата за отворена рече:

– Овие ревии се одржуваат веќе 18 години и се едни од најмасовните и најпосетени активности на пензионерите. Првата ревија се одржала во Пробиштип во далечната 2003 година, а на истата учествувале само 9 здруженија, членки на Сојузот. Оваа година Фолклорните Регионалните ревии на песни, музика и игри се одржуваат во специфични околности заради вирусот Ковид–19, затоа да покажеме сериозност и одговорност и да си го заштитиме нашето и здравјето на нашите најблиски. Оваа ревија каде што домаќин е ЗП Карпош има мултиетнички карактер и е одраз на нашиот соживот и другарство. Ве поздра–





вувам и ви посакувам убаво да ги поминете наредниве неколку часови.

Ја прогласивам 18. регионална ревија на песни, музика и игри за отворена.



Со својот настап, Ревијата ја започна здружението домаќин. Пензионерите од ова здружение настапија со нивниот мегахит песната „Розо моја“, која ги одушеви присутните. По нив, се слушнаа звуците на гајдата, зурлите, тапаните, кавалот, се редеа изведби на групи и соло–пејачи.

На крајот им беа врачени благодарници на претседателите на здруженијата учесници на Регионалната ревија на песни, музика и игри, кои им ги врачи ценетата претседателка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Станка Трајкова. Таа ги поздрави учесниците на Ревијата, кажувајќи одбрани и пофални зборови поединечно за секој настап.



**Благодарници на здруженијата учесници**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БУТЕЛ**

Пејачка група
со песните:
„Зурли трештат
на сред село“
„Бело лице љубам јас“
„Јас ти реков добра вечер“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Пејачка група со песните:
„Ајде брала мома
бело грозје и црно“
„Благуно дејче пожаранче“
„Низ двор шета
мома Катерина“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КАРПОШ**

Дел од хор со песните:
„Легнала Дана“
„Ај стани Вело“
„Розо моја“





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ШУТО ОРИЗАРИ**

Сплет од ора



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ТЕТОВО**

Дует:
Мехмеди Велија и
Рамадан Беџети
со албанските песни:
„Залепени нови очила“
„Дојде пролет“
и свирејќи на инструменти



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ТЕТОВО**

Соло изведба на
Томе Угриновски
на песната:
„Шар Планино“
во придружба на гајда

### XVIII регионална ревија на песни, музика и игри

## III регион
# Домаќин ЗП Сарај



Здружението на пензионерите на Општина Сарај, како самостојно здружение е формирано на 08.10.2007 година, согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации, Статутот на СЗПМ и сопствениот Статут – Здружение на пензионери на Општина Сарај, регистрирано во Централниот регистар во Скопје. Иницијатори за формирањето на Здружението на пензионерите на општина Сарај, беа: Руфат Рамадани (покоен), Гани Исмаили, Абедин Кроси, Бајрам Ебиби (покоен) и некои други. Како самостојно Здружение на пензионери на Општина Сарај, според последните податоци на СЗПМ брои околу 2.000 старосни и семејни пензионери. Здружението има три ограноци: Сарај, Кондово и Буковиќ. Има Собрание од 13 членови, Извршен одбор од 5 членови, Надзорен одбор од 3 членови, и 4 комисии. Во здружението постои и Актив на пензионерки. ЗП Сарај одлично соработува со Црвениот Крст на Македонија. Претседател на Собранието е Баки Бакиу, на ИО и на здружението е Махир Дураку.



# Соживот и дружење и на музички план

На 29.9.2020, во Рекреативниот центар Сарај, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, се одржа 18. регионална ревија на песни, музика и игри од III регион. Домаќин беше Здружението на пензионерите од Општина Сарај. На ревијата учествуваа скопските здруженија: Сарај, Гази Баба, ОВР, Здружението на воените пензионери и Кисела Вода. Средбата на ревијата беше со ограничен број присутни и со строги придржувања на мерките поврзани со пандемијата Ковид–19, на отворен простор, со потребна дистанца и дезинфекциски средства, со присуство на две медицински сестри од Црвен крст и со лекар пензионер од СЗПМ.


Махир Дураку


Џелал Јакупи


Ментор Ќоку

Претседателот на здружението домаќин Махир Дураку, прв ги поздрави присутните гости, а потоа на македонски и албански јазик меѓу другото истакна:

– За нас, како здружение, претставува чест и задоволство да бидеме домаќини на оваа ревија. И овој настан е од големо значење пред сè за чување на традицијата и меѓусебното зближување и почитување. Ова е позитивна порака и за младите генерации. Упатуваме благодарност до СЗПМ за укажаната доверба нашето здружение да биде домаќин. На учесниците им посакуваме здравје и успешен настап.

Претставникот на Општина Сарај, Џелал Јакупи, во името на претседателот на општината, на македонски и албански јазик ги поздрави присутните и им посака пријатен престој, нагласувајќи дека општината, во границите на своите можности е подготвена да ги помага пензионерите бидејќи тие тоа го заслужуваат. Потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ Ментор Ќоку, прогласувајќи ја за отворена ревијата, на македонски и албански јазик ги поздрави присутните и потоа истакна:

– Почитувани присутни, почитуван претседателе на ЗП Сарај, а посебно ги поздравувам претседателите на ЗП Гази Баба, ЗП Кисела Вода, Воените пензионери, ЗП ОВР кои се одважија и покажаа сериозен однос кон остварување на регионалните ревии, на песни музика и игри во 2020. Денеска се одржува 5–та по ред Регионална ревија на песни музика и игри 2020 година, во организација на СЗПМ, а домаќин е ЗП Сарај. Ова Здружение првпат е домаќин и се потруди денес да ја реализира оваа ревија во што подобри услови и покрај пандемијата.

Честа да ја отвори ревијата му припадна на ЗП ОВР со „Македонско оро“ изведено од Стефан Крстевски со тапани и Ратко Златковски со гајда. ЗП Гази Баба настапи со три точки: „Една желба имам, роден крај да видам“,



„Са ноќ ле Наде“ и „Тешко ми е докторе“.

За ЗП Гази Баба настапија со солистите Љубе Димитровски и хармоникашот Цане Стевковски. ЗП Сарај, настапи со три точки: „Мелодија“ изведена со кавали од Шефкет Исмани и Садри Беадини, на тарабука – Даим Кадриовски, Поезија „Патека на срекјата“ од Наталија Наумовска и уште една мелодија со кавали од споменатите кавалџии.

ЗП Воени пензионери настапија со три точки: „Болен лежи млад Стојан“ – соло изведено од Коле Гиговски, „За кого ти цути, Дано, лицето“ и „Твоите очи, Лено мори“ изведена од женска пејачка група.

На крај, претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, доделувајќи благодарници на петте здруженија учеснички, меѓу останатото истакна:



– Со вашите успешни настапи денеска сите заедно го отфрливме сомнежот односно тезата дека овие ревии со редуцирана содржина ќе ги девалвирале досегашните ревии. Денес го докажавме спротивното. Како секогаш и сега покажавме зрелост и одговорност, а оваа ревија во потполност го заслужува атрибутот соживот и дружење и на музички план.

Ревијата на песни, музика и игри заврши во мошне пријатна атмосфера.



**Благодарници на здруженијата учесници**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА **ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ**

Коле Гиговски, соло
со песната:
„Болен лежи млад Стојан“
и женска пејачка група
со песните:
„За кого ти цути,
Дано, лицето“
„Твоите очи, Лено мори“




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ГАЗИ БАБА**

солисти
Љубе Димитровски
и Цане Стевковски
со хармоника
ги изведоа песните:
„Една желба имам,
роден крај да видам“
„Са ноќ ле Наде“
„Тешко ми е докторе“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КИСЕЛА ВОДА**

Драган Тошковски
„Болен лежи млад Стојан“
дуетот
Велика Тодоровска
Ника Димитриеска
„Дотекла вода студена“
Јованче Миновски
„Тргна ми Донка“





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ОВР НА РМ**

Стефан Крстевски
со тапани и
Ратко Златковски
со гајда
го изведоа
„Македонско оро“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **САРАЈ**

„Езгија“
изведба со кавали
Шефкет Исмани
Садри Беадини
и тарабука
Даип Кадриоски



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **САРАЈ**

Наталија Најдоска
поезија со творбата
„Патека на среќата“

### XVIII регионална ревија на песни, музика и игри

## IV регион
# Домаќин ЗП Чаир



Пред повеќе од три децении, група активисти ја иницирале идејата за формирање на пензионерско здружение, на кое му го дале името „Чаир и Бутел“. Со формирањето на новите општини, Бутел и Шуто Оризари, пензионерите се одвојуваат по територијален принцип и Здружението, го сменува името во Здружение на пензионери „Чаир“. Денес, тоа брои околу 8000 пензионери, и во него работат 3 разграноци, од кои само еден разгранок има клуб. Во текот на изминатите години, Здружението создало традиција за работа, но, воедно се влијаело и на продлабочувањето на пријателските врски, дружењето и соживотот, бидејќи средината е мултиетничка. Резултатите постигнати во последните години секако означуваат успех, кој е веќе потврден со бројни позитивни резултати. Членовите во Активот на пензионерки, кој е формиран пред повеќе години, се ангажираат главно во хуманитарни акции. На пензионерите со ниски примања и на болните секоја година им се доделува неповратна парична помош, со што се докажува дека грижата за нив е секојдневна. Во здружението формирана е музичка група и хор, кои успешно настапуваат на регионалните и републичките музички ревии и на многу општински и други манифестации. Здружението е активно и на спортско поле. Учествува на сите регионални и републички пензионерски спортски натпревари и постигнува добри резултати, и има освоено и први места. ЗП Чаир во 2016 година, на 21–те регионални спортски игри од првиот регион, беше успешен домаќин. Соработката со локалната самоуправа се подобрува, но се работи да биде уште подобра. Претседател на Собранието е Рауф Хамиди, координатор е Тодор Илиев, а претседател на ИО и на здружението е Ментор Ќоку.

# Поттик за зачувување на културното творештво

Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на 1 октомври 2020 година, во Спортско–рекреативниот центар Сарај во Скопје, пензионерите од четвртиот регион не само што се забавуваа, туку и на најдобар начин прикажаа дел од изворниот фолклорен колорит. По препораките од СЗПМ, Ревијата се одржа под отворено небо на отворена сцена и по сите протоколи.


Тодор Илиев


Висар Ганиу


Станка Трајкова

ЗП Чаир по вторпат е домаќин на ваква ревија. На оваа средба, пензионерите – учесници, мошне успешно се претставија со изворни песни, со солисти и пејачки групи. Се пееше, а присутните со воодушевување ги поздравуваа настапите на пензионерите, не штедејќи го аплаузот за убавите песни и изведби во кои уживаа час и половина.

Гостите, присутните и учесниците, како што му прилега на еден домаќин, прв ги поздрави и им посака добредојде координаторот на здружението домаќин Тодор Илиев. Тој изрази големо задоволство што организацијата на оваа значајна културна манифестација е доверена токму на ЗП Чаир. При тоа ги истакна резултатите што пензионерите ги остварија низ многубројните активности и покрај кризата со пандемијата, особено на хуманитарен и музички план.

– Нашето здружение, го карактеризираат мултиетничност и мултикултура со меѓусебно разбирање, – истакна Илиев.

Во поздравниот говор на македонски и на албански, градоначалникот на Општина Чаир, Висар Ганиу, ја нагласи традиционалната врска меѓу локалната самоуправа и ЗП Чаир, кое со активностите придонесува во достоин–



ствено претставување на општината. Тој во своето излагање нагласи дека ЗП Чаир спаѓа меѓу најорганизираната категорија граѓани во општината.

– Ова за нас е мотив плус кога го гледаме од ваша страна тој голем ентузијазам и мотив да се дружите, да бидете уште активни и меѓусебно да споделувате искуства. Тоа е патоказ за нас помладите генерации.

Во име на организаторот, пред да ја прогласи ревијата за отворена, претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, посебно задоволство изрази што ЗП Чаир е домаќин на 18. регионална ревија, здружение кое е едно од поактивните во Републиката. Исто така истакна дека оваа ревија се одржува во знак на одбележување на 1 октомври Светскиот ден на старите лица.

– Сите домаќини и претседатели на здруженијата се потрудиле доследно да ги применат насоките на СЗПМ, ревиите да бидат со редуцирана содржина, но и покрај тоа имавме прилика да видиме вистински фолклор со сета своја убавина. На виделина се виде и нашиот идентитет и тоа е мисијата на пензионерите да го зачуваат и пренесат нашето културно и национално богатство на идните генерации, – истакна претседателката Трајкова. Таа ја прогласи ревијата за отворена и им посака успех на учесниците, како и добро здравје и забава на сите присутни.

На Ревијата со квалитетна програма се претставија здруженијата на пензионери: ЗП Крива Паланка со сплет на народни песни, ЗП Кратово се претстави со две изведби со кратовските тамбураши. Драмската секција при ЗП Куманово се претстави со исечок од драмата „Бегалка“ од Васил Иљоски и стихови кој на намакедонски и албански ги читаше самиот автор Исмаил Ганиу. Солиден настап имаше и солистот при ЗП Центар. На крајот домаќинот ЗП Чаир се претстави со две песни на македонски и две на албански јазик.

За успешниот настап, а во знак на благодарност, од страна на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на сите претседатели на здруженија од овој регион, им беа доделени благодарници кои им ги врачи Магдалена Спировска, претседател на Комисијата за културно–забавен живот при ИО на СЗПМ, а Ревијата успешно ја водеше Цветанка Илиева.



**Благодарници на здруженијата учесници**



ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ

## КРИВА ПАЛАНКА

Музичари и соло пејачка со песната:
„Абер дојде Донке“



ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ

## КРАТОВО

Тамбурашка група
со песните
„Ранила мома рано на вода“
„Откако ме ти остави“
„Девојче кратовче“
„Каква мома видов јас“





ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ

## КУМАНОВО

Драмска секција
со дел од драмата
„Бегалка“
Исмаил Ганиу
со лична творба
„До сто“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЦЕНТАР**

Злате Стефановски
соло изведба со песните:
„Назад, назад Калино моме“
„Кажи Рајно кажи бре душо“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЧАИР**

Тахир Сефери
со песните:
"Moj e mira bregut detit"
(Убавица покрај морскиот брег)
"Moj pranverë"
(Ој пролет)



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЧАИР**

Во придружба со пеење
и гитара од
Сефедин Ејупи
и Бранко Иванов
настапија со
„Сум се родил мераклија“
„Праша ли Тинке мајка ти“

### XVIII РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

## V регион
# Домаќин ЗП Лозово



Општинско здружение на пензионери Лозово е мало здружение, но со голем ентузијазам за работа. До пред 26 години беше во составот на ЗП Свети Николе. По барање на пензионерите од Лозово се издвојува и се регистрира како самостојно здружение на старосни пензионери и трудови инвалиди. Седиштето на здружението е во Лозово. Пензионерите се организирани во 5 ограноци.

Извршниот одбор е составен од 9, а Собранието од 17 членови. Покрај Надзорниот одбор, кој брои 3 членови, активно дејствува и Актив на пензионерки, комисијата за спорт и комисијата за културно–забавен живот. ЗП Лозово има добра соработка со локалната самоуправа, стопанските организации од градот и невладиниот сектор, како и со голем број здруженија на пензионери особено од Источниот регион и Повардарието. Одлична соработка ЗП Лозово има и со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Благодарение на горе наведеното ЗП Лозово има постигнато забележителни резултати на многу полиња, а особено на Пензинерските спортски игри и на Регионалните и Републички ревии на песна, музика и игри, како учесник и домаќин.

Од многубројните активности посебно ги потенцираме: набавка на огревно дрво за потребите на своите пензионери; посета на болните и немоќни пензионери; одбележување на јубилеи и празници и друго.

Бидејќи има мали финансиски средства, своите активности од Годишната програма за работа, здружението ги реализира волонтерски. Претседател на Собранието е Војо Спасовски, а на ИО и на ЗП Лозово претседател е Марија Моневска.

# Дружење со народните песни и звуците на музичките инструменти

18. фолклорни регионални ревиите на 6. регион, се одржаа на 22.9.2020 година на отворено, на Игралиштето со трибини, каде што беа преземани сите безбедносни мерки од Ковид–19. Поради пандемијата во овие ревии изостанаа народните ора за да се избегне директниот контакт на учесниците. Овој настан се збогати со присуството на претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, градоначалникот на Општина Лозово, Аце Велковски како и присуството на нашата хероина Атице од документарецот „Медена земја“. Учесниците од 6 здруженија, поради пандемијата, со најмногу по 8 учесници од секое здружение, пристигнаа во прекрасниот двор на локалната самоуправа на Општина Лозово, потоа се направи дефиле низ улиците на Лозово. Настапот се одвиваше во прекрасен амбиент, сончев убав ден, инпровизирана бина во етно–стил и младата водителка Теона Гурбанска.


Марија Моневска


Аце Велковски


Станка Трајкова

На присутните најпрво им се обрати Марија Моневска, претседател на ЗП Лозово, која им посака топло добредојде во Лозово. Таа го изрази своето задоволство што ЗП Лозово е домаќин на овие Регионални ревии, а особено како што рече: „Посебно сме среќни што караванот на Регионалните ревии, тргнува токму од Лозово, односно Регионалните ревии започнуваат од ЗП Лозово“.



Градоначалникот на Општина Лозово Аце Велковски исто така ги поздрави присутните. Во обраќањето зборуваше за успешната соработка којашто тој како градоначалник ја има со ЗП Лозово, ветувајќи и понатаму да ги поддржува активностите на пензионерите.



Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова со одушевување зборуваше за ентузијазмот на пензионерите кои и во овие тешки денови на пандемијата Ковид–19, внимавајќи на безбедносните мерки ја продолжија традицијата (во видоизменета форма) на Ревиите на песни, музика и игри. Пофални зборови кажа и за домаќинот на ревиите на ЗП Лозово.

Таа меѓу другото рече:

– Денес се одржува и 18–Регионална ревија на песни, музика и игри од 5. регион. Оваа година домаќин е ЗП Лозово, а организатор како и секогаш Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. Овие музички манифестации ќе бидат историски бидејќи се одржуваат во услови на панемија од вирусот Ковид–19, која го опфати целиот свет, па и нашата земја.

На почетокот на пандемијата, Сојузот како организатор на оваа манифестација, подготви Насоки за одржување на Ревиите со редуцирана содржина која одговара на условите, со цел да се заштити здравјето на сите нас, односно да нема голема масовност и да бидат превземени сите потребни мерки за заштита на нашето здравје. Верувам дека сите здруженија на пензионери преку своите учесници ќе ги почитуваат дадените насоки.

Почитувани присутни, со чекорот што го правивме за да се одржат овие ревии придонесуваме да не ги прекинеме овие традиционални културни манифестации. Денес уште еднаш ќе покажеме дека знаеме што е заедништво и соживот. Ќе видиме и ќе слушнеме, нови песни и изведби, тука на отворено, на импровизиранава сцена и ќе ги наполниме нашите срца со љубов и желба повторно да се видиме.

За отворена ја прогласувам Фолклорната регионална ревиија како музичко движење кое започнува денес од Лозово.

Откако таа ги прогласи за отворени Регионалните ревии, се слушнаа музичките акорди на музичките инструменти и прекрасните народни песни на ЗП Ново Село, ЗП Лозово, ЗП Свети Николе, ЗП Штип, ЗП Радовиш и Конче и ЗП Злетово.

„Крајот го краси делото“. За да ни биде денот поубав и секој да понесе што поубави импресии од ова дружење, запеа и Атиџе, медиумската хероина од документарецот „Медена земја“.

На претседателите учесници на 18. регионална ревија од 6. регион им беа врачени благодарници.



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ШТИП**

Музичка и пејачка група
со песните:
„Лено мори“
„Запеј песно мори
да те чуе“
„Мерак за Ратко“
„Дувај, дувај бре лудо“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **РАДОВИШ И КОНЧЕ**

Пејачка група
придружувана од
гајда и прим со песните:
„Јас те пратив
на вода Калино“
„Оро води Ангелина“
„Да пукнеш мила мамо
да треснеш“




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СВЕТИ НИКОЛЕ**

Тамбурашки оркестар
со песните:
„Од љубов не се бега“
„Тамбурата на Шоиќ“
„Еј другари“
„Налеј, налеј“




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЛОЗОВО**

Пејачка група придружувана од хармоника со песните:
„Кирјана вино продава“
„Севдалино малој моме“
„Вечер Јане, вечер вечерало“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЗЛЕТОВО**

Трио пејачка група со песните:
„Нарача Магде порача“
„Назад, назад Калино моме“
„Денес ми е свадбата“



### XVIII регионална ревија на песни, музика и игри

## VI регион

# Домаќин ЗП Велес



ЗП Велес основано е 1.2.1978 година (самостојно), а постои од октомври 1957 година. Здружението опфаќа пензионери од општините: Велес, Градско и Чашка и брои 9 380. Во здружението покрај Собрание, (претседавач – Олга Ѓорѓиевска), Извршен одбор и Надзорен одбор, работат и следните комисии: за спорт и спортски активности, за култура и забавен живот, за социјална помош – спроведување и реализирање на стратегијата за помош на стари и изнемоштени лица, за техничко одржување на објектите и инвестиции и за статутарни прашања. Во здружението активно работи и Актив на жени – пензионерки и Секција на пензионери – писатели и поети. ЗП Велес има 14 ограноци со по 5 членови во своите одбори:  5 се во рамките на руралните населби, а 9 во урбаната заедница, во градот Велес. Овие ограноци ги опфаќаат сите пензионери (редовни и со семејна пензија) водејќи грижа посебно за оние кои живеат во најоддалечените места, особено за осамените пензионери кои се повеќе гладни за духовна храна (социјална комуникација) отколку за материјална.

Здружението има свои клубови – простории и тоа: во Чашка, Извор, Теово, во Богомила каде и покрај клубот има и соби опремени за преноќиште, Градско, Отовица и Башино Село. Во Велес Здружението има сопствена зграда со 12 гарсониери, 12 еднособни стана, со 2 сали за забава и дружење по цел ден со мала пладневна пауза. Секој клуб е снабден со потребните реквизити за забава или спортување, а за Активот на пензионерките и за ограноците кои немаат клупски простории, им е отстапена малата сала во Домот на пензионери во Велес. Од сите активности најголемо внимание и ангажман му се посветува на соработката со Црвениот крст, волонтерството и грижа за здравјето на своите членови преку едукативни предавања и екскурзии, на хуманоста и солидарноста кон семејствата на настраданите и болните пензионери за која цел не се штедат средства. Претседател на ИО, а воедно и на Здружението е д–р Веле Алексоски.

# Песните се вечност

На 23 септември 2020 година, во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и Здружението на пензионери од Велес, домаќин на ревијата, се одржа во Градско, почитувајќи ги мерките на безбедност и препораките од Сојузот. Овогодишната 18. регионална фолклорна ревија на песни, музика и игри, на здруженијата од шестиот регион, се реализираше во малку поизменета форма со цел да биде заштитено здравјето на сите присутни.


Веле Алексоски



Станка Трајкова

На Ревијата учествуваа здруженијата на пензионери од Богданци, Валандово, Гевгелија, Демир Капија, Неготино и Велес.

Најнапред учесниците и гостите беа поздравени од претседателот на ЗП Велес, д–р Веле Алексоски, а потоа исто така, убав ден и пријатно дружење со музика и песни, им посака претседателката на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Станка Трајкова, која воедно 18–тата ревијата на песни, музика и игри ја прогласи за отворена.

Сите учесници се трудеа своето здружение да го претстават во што подобро светло. Беа испеани различни песни за жал за младоста, патриотски, но и љубовни песни, меѓу кои „Кораби“, „Сама самувам“, „Сношти дојдов од Стамбола“, „Ристејќе млада невесто“ и други, а се настапи и со поезија и монодрама.

Програмата заврши со поезија:

– Би сакала песна да напишам за вас,
но простете ми не умеам.
Да сте радост – лесно,
зашто трае кратко.
Да сте тага – грст солзи ќе излеам.
Би сакала песна да напишам за вас,
но простете ми не умеам,
зашто вие сте вечност.

На крај на претседателите на здруженијата кои учествуваа на 18. регионална ревија на песни, музика и игри од шестиот регион им беа врачени благодарници, а им ги врачи претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.

Навистина прекрасно поминат ден.





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **НЕГОТИНО**

Пејачка група придружувана од хармоники и кларинет со песните:
„Ристејце млада невесто“
„Вино пијам“ и ракија“
„За баба Митра“
„Славеј пиле“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДЕМИР КАПИЈА**

Пејачка група со песните:
„По друм одам мамо по друм шетам“
„За Мирка Гинова“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДЕМИР КАПИЈА**

Музичка група со две гитари и две тамбури





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВАЛАНДОВО**

Пејачка група
придружувана од хармоника
и синтисајзер со песните:
„Сношти дојдов од Стамбола“
„Тешко мина докторе“
„Кога дојдов од Солуна“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БОГДАНЦИ**

Пејачка група
придружувана од хармоника
и гитара со песните:
„Разболела се Ленка“
„Сама сама самувам“
„Животот ми е многу убав“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВЕЛЕС**

Пејачка група
со песните:
„Нели ти реков“
„Кораби“
„Блажена горо зелена“

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ГЕВГЕЛИЈА**

Пејачка група придружувана од хармоника, гитари и дајре со песните:
„Старо друштво“
„Отвори ми бело Ленче“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ГЕВГЕЛИЈА**

Пенка Смилковска – поезија



**Благодарници на здруженијата учесници**



## XVIII регионална ревија на песни, музика и игри
## VII регион

# Домаќин ЗП Демир Хисар



Здружението на пензионери Демир Хисар е самостојна, невладина, непартиска и мултиетничка организација на слободно здружени старосни, семејни и инвалидски пензионери од Општината Демир Хисар. Формирано е 1965 година. Здружението дејствува во интерес на остварување и унапредување на заедничките цели и интереси на сите корисници на пензија во Општината, ги штити стекнатите права од пензиското и инвалидското осигурување и се залага за поквалитетна здравствена заштита на пензионерите. ЗП Демир Хисар функционира преку следните органи, тела и комисии: Собрание, Извршен одбор и Надзорен одбор, 5 комисии и тоа: за културен и забавен живот, за спорт и рекреација, за здравство и здравствена заштита, комисија за помош, социјални прашања и посета на болни пензионери, за набавка и расходување на основни средства. Здружението поседува Пензионерски дом изграден во 1972 година со површина од 517,30 м2, од кои Здружението користи 403 м2. Дел од просториите ги користи и Подрачната служба на ПИОМ. Во 2016 година заедно со ЗП Битола успешно учествуваше на 16. Фестивал за трета животна доба во Љубљана. Здружението брои околу 1580 пензионери.

Здружението успешно соработува со локалната самоуправа и со заедничко учество отворија клуб на пензионери.

Претседател на здружението е Пере Петрески, а секретар е Борис Најдовски.

# Со староградски и изворни песни во време на пандемија

Демир Хисар отсекогаш бил лулка на историски, но и на културни вредности и истиот бил домаќин на голем број манифестации кои ги промовираат тие вредности. Фолклорот и песната се жив доказ за неисцрпниот креативен дух на нашиот народ. На градскиот плоштад „8 Септември“, Здружението на пензионери Демир Хисар беше домаќин на 18. ревија на песни, музика и игри, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија.


Пере Петрески


Марјанче Стојановски


Илија Адамовски

Срдечно добредојде и пријатно расположение на гостите и на учесниците прв им посака претседателот на ЗП Демир Хисар Пере Петрески, кој на присутните им посака убаво да се чувствуваат во градот домаќин, кој е познат по своето гостопримство и се заблагодари за довербата што му ја даде Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија да биде домаќин на ревијата.

– Сите ние пензионерите, имаме да кажеме и покажеме дел од она што го работиме, што го постигнуваме во овие пензионерски години. Да покажеме колку песната и музиката не признаваат години и разлики во годините и во вакви тешки времиња – истакна Пере Петрески.

Во името на градот домаќин присутните ги поздрави и градоначалникот на Демир Хисар Марјанче Стојановски.

Градоначалникот Стојановски им оддаде признание на пензионерите, кои, како што рече, иако во поодминати години успешно ја негуваат македонската песна. Тој посебно ја истакна соработката и реализацијата на заедничките активности со демирхисарските пензионери и ја нагласи важноста на вакви те културни настани, особено кога станува збор за пензионерите кои се верни чувари на нашето културно богатство.

Пред присутните се обрати и претседателот на Собранието на Сојузот на здруженијата на





пензионери на Македонија м–р Илија Адамоски кој упати искрени поздрави и најубави желби истакнувајќи ја важноста на ревиите и ги пофали пензионерите дека се верни чувари на нашето културно богатство, на традицијата и обичаите.




Исто така, рече дека од таа причина ревиите се поддржани и од Министерствотон а РС Македонија.

Оваа година за разлика од минатите години заради пандемијата од Ковид–19 на Ревијата настапија 4 здруженија на пензионери и тоа: домаќинот ЗП Демир Хисар, ЗП Битола, ЗП Прилеп и ЗП Крушево, со вкупно 14 учесници кои заради добро познатите причини се претставија само со песни, односно со скратена програма.

Ревијата ја отвори КУД „Пенка Котевска“ од Прилеп со прекрасните „Станала Ратка порано“ и „Ми забегала овца рогуша“. Борче и Лидија Дуковски и Драги Кабровски од Битола ги испеаја познатите „Сношти минав покрај вази“ и „Месечино сестро мила“, додека хорот од ЗП Крушево се претстави со „Нели ти реков“ и „Крушува ностра“. ЗП Прилеп учествуваше и со КУД „Пензионер“, а пееја „Дајте ми лек за душата“ и „Не се фаќај, Доне Донке“. Како последни во оваа Ревија настапија домаќините, каде што Софре Мирчевски не потсети на младоста со познатата „Тешко мина докторе“ и Коца Огненовска со нејзиното авторско дело: „Вратете се мили чеда“, а изостанаа познатите преубави македонски ора кои пензионерите ги играа како да се во најмладите години.

По свечениот и официјален дел, претседателката на Сојузот на Здруженијата на пензионери на Македонија Станка Трајкова, додели благодарници на претставниците на здруженијата на пензионерите.



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КРУШЕВО

Мала група со песните:
„Нели ти реков“ и
„Крушува ностра“




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ДЕМИР ХИСАР

соло изведба на авторката
Коца Филип Огненовска
со песната:
„Вратете се мили чеда“



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ДЕМИР ХИСАР

солистот
Софре Мирчевски
со познатата песна:
„Тешко мина докторе“

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ПРИЛЕП**

КУД „Пенка Котеска“
со песните:
„Станала Ратка порано“ и
„Ми забегала овца рогуша“





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ПРИЛЕП**

КУД „Пензионер“
со песните:
„Дајте ми лек за душата“ и
„Не се фаќај, Доне Донке“

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БИТОЛА**

Борче и Лидија Дуковски
со песната:
„Сношти минав покрај вази“



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БИТОЛА**

Драги Кабровски
со песната:
„Месечино сестро мила“





**Благодарници на здруженијата учесници**



f3ŽO

19. FESTIVAL ZA *tretje* ŽIVLJENJSKO OBDOBJE

### 19. фестивал „Трета животна доба“ во Љубљана

# Успешен настап на македонските пензионери

## Признание на СЗПМ за 10-годишно учество

Во Љубљана од 1 до 3 октомври оваа година се одржа 19. фестивал на третата животна доба, голема манифестација од овој тип во Европа, по повод Меѓународниот ден на стари лица, 1 Октомври. На овој меѓународен фестивал по десетти пат учество зеде СЗПМ, чија делегација ја предводеше Ѓорге Андонов, претседател на ЗП Гази Баба. Димитар Димитриевски, член на Комисијата за здравство и социјална политика, а како координатор на овогодишното учество беше Магдалена Спировска, претседател на Комисијата за културно–забавен живот на СЗПМ.

На овој престижен фестивал оваа година чест им беше на здруженијата од ЗП Гази Баба и ЗП Виница да ја претставуваат нашата држава.

По неколку неделни подготовки, организирање и договарање тргнавме за Љубљана на 29.10.2019 година во 17 часот од Скопје. Во Куманово според договорот се приклучија пензионерите од ЗП Виница со кои заеднички го продолживме патувањето понатаму. Атмосферата беше весела како што може да се посака. Според договорената програма го посетивме Блед во претпладневните часови, го разгледавме и уживавме во убавината на ова алпско туристичко место, а потоа се упатиме за Љубљана.



Бевме сместени во убавиот комплекс „Љубљана ресорт“, одлична хотелска услуга, и пријатно за одмор и рекреација. По организираната вечера следуваше подготвителен состанок и договара–

f3žo
19. FESTIVAL ZA tretje ŽIVLJENJSKO OBDOBJE

ње за утрешниот настап во Цанкаревиот дом.

При пристигнувањето во Љубљана, добредојде на македонските претставници во Цанкаревиот дом им посака Антон Донко, поранешен претседател на ЗДУС и еден од основачите на фестивал–от, кој го изрази своето задоволство за доаѓањето на македонските пензионери на фестивалот.

Свеченото отворање се одржа во големата сала на Цанкаревиот дом со присуство на високи претставници, приматели на признанија за долгогодишно учество како и пензионери од разни региони. Меѓу многубројните високи гости беа сегашниот претседател на Словенија Борут Пахор, поранешниот претседател Милан Кучан и многубројни министри на Владата на Словенија.

Присутните ги поздрави господинот Седмак, од Здружението на пензионери на Љубљана, кој нагласи дека фестивалот ќе продолжи успешно да работи и понатаму и покрај несогласувањата внатре во пензионерската организација на Словенија. Градоначалникот на Љубљана Зоран Јанко–виќ беше бурно поздравен, во кое вети отворање на нови дневни центри за пензионери во Љубља–




на. Се обрати и министерката за труд која ја нагласи борбата за спречување насилство над старите лица како една од најважните задачи на Министерството. Последен зеде збор претседателот на Државниот збор на Словенија, магистер Жидан кој ја истакна грижата за квалитетно здравје на старите лица како важна задача на државата.

Потоа следуваше доделување на признанија и на самиот почеток, со особено впечатлива наја–ва, на СЗПМ му беше доделена Плакета за 10 години учество на Фестивалот, а признанието го при–ми Ѓорге Андонов, шеф на делегацијата на СЗПМ. Вакви признанија добија уште само Здружениот словенски ветерански оркестар и Центарот за активности – Фужине. Постхумно признание доби долгогодишниот програмски директор на фестивалот Давор Доминкуш. За почесен амбасадор беше прогласена д–р Габи Чачиновиќ – Вогринчиќ.

По доделувањата на признанијата следеше богата програма исполнета со содржини кои го нагласуваа меѓугенерацискиот соживот кој и беше една од главните теми на фестивалот.

Нашата делегација дента имаше можност да се сретне со домаќините на фестивалот, амбасадорот Шифтар, со Тихомир Ковачич, извршниот директор и Андреј Јус, претседател на Комисијата за културна програма на фестивалот.

Потоа следеше настап на отворена сцена во траење од по петнаесет минути на двата наши преставници, согласно со програмата. Први настапија КУД „Китка“ од ЗП Виница со игроорна група

# XIX ФЕСТИВАЛ ЗА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА ВО ЉУБЉАНА - Р СЛОВЕНИЈА

19. FESTIVAL ZA tretje ŽIVLJENJSKO OBDOBJE



која изведе сплет од неколку ора и обичаи „Ѓурговденски обичаи“ облечени во преубави македонски носии и проследени со многу жичани, дувачки и удирачки инструменти.

Пензионерите од ЗП Гази Баба се претставија со убавите македонски песни „Ој зелена зеленике“, „Јас ќе ти купам свилено фустанче“, „Железар“ и „Оро се вие кај манастира“ проследено со оро од изведувачите. Настап од двете здруженија за паметење, топло поздравени со силен аплауз и ракоплескање а задоволството беше големо кога се разви убаво македонско оро со нас и дел од присутната публика.

Попладнето се одржа главната музичка приредба, која чест да ја отвори ја имаше нашата фолклорна група од ЗП Виница. Настапот на виничани остави силен впечаток кај публиката.

Со големи импресии и голема радост се вративме во „Ресортот“, но после заслужениот одмор во вечерните часови организиравме дружење на двете здруженија. Во веселата атмосфера со игра и песна ни се придружија и странските германски туристи кои не можеа да останат имуни. Одушевувањето беше големо од македонскиот мелос па следниот ден дојдоа во Цанкаревиот дом да не проследат во живо.

По завршувањето на настапите на 2 октомври ја напуштивме Љубљана испратени од нашите домаќини, амбасадорот Шифтар и директорот Ковачич.

Потоа направивме кусо панорамско разгледување на Љубљана, па се упативме кон Постојна јама, а не ги изоставивме Опатија и Ријека.

Инаку на Фестивалот учествуваа околу 2 200 учесници, беа изведени околу 120 културни точки, се одржаа 10 стручни собири, 80 едукативни настани, а 17 500 посетители имаа прилика да ги разгледаат 160 изложбени штандови со содржини наменети за постарата популација.



## XIX ФЕСТИВАЛ ЗА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА ВО ЉУБЉАНА - Р СЛОВЕНИЈА

f3ŽO
19. FESTIVAL ZA tretje ŽIVLJENJSKO OBDOBJE








10. Јубилејна Републичка
Ревија на песни, музика и игри
Скопје 2020















СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

СЗПМ




# XVIII РЕГИОНАЛНИ РЕВИИ НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ И

# X ФОЛКЛОРНА ЈУБИЛЕЈНА РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА 2020

ПОКРОВИТЕЛ

ОКТОМВРИ 2020

Информативен билтен СЗПМ Специјално издание